Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши вонреден инспекциски надзор над ДВТ Аероклуб Скопје доо Чучер Сандево-Скопје, Стенковец, врз основа на Законот за Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ 102/19) и Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ 124/15), го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) СЕ изрекува ОПОМЕНА до ДВТ АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ доо Чучер Сандево, за отстранување на угостителскиот објект со сала за свадби, тераса и апартмани на КП бр.2825/1 КО Глуво Бразда, бидејќи е изграден без Одобрение за градење и преставуваат бесправно изградени објекти.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка опомена од точка 1 на ова решение изнесува осум дена од денот на приемот.

3) СЕ изрекува ЗАБРАНА за користење на салата за свадби, терасата и апартманите на КП бр.2825/1 КО Глуво Бразда, за организирање на музички концерти, родендени и свадби, бидејќи можат да предизвикаат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето (забраната важи до моментот на отстранување на објектот).

4) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка забрана од точка 3 на ова решение изнесува три дена од денот на приемот.

5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на Законот за Градење Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши вонреден инспекциски надзор над ДВТ Аероклуб Скопје доо Чучер Сандево-Скопје, Стенковец, со адреса: Спортски Аеродром

Стенковец, бр:151А, Чучер Сандево, Скопје, ЕМБС 6832024, застапувано од Управител Предраг Чемерикиќ, постапувајќи по службена должност за утврдување на законитоста на објектите кои му се дадени на трајно користење, со Одлука со број 01-101/2 од 04.06.1993 година од Воздухопловниот сојуз на Македонија.

Од извршен вонреден инспекциски надзор градежниот инспектор утврди дека се работи за градба од прва категорија во надлежност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 128 став (2) од Законот за градење, која е изградена без Одобрение за градба, издадено од Министерство за транспорт, согласно член 59 од истиот Закон.

Согласно член 136 срав (1) Градежниот инспектор на ден 03.10.2025 година, на лице место нареди затварање на објект и постави службен знак.

Градежниот инспектор во спроведување на инспекцискиот надзор согласно член 132 став(2) и 137 став(2) го употреби право и должност да изрече опомена и да определи рок за отстранување на неправилност, отстранување на градбата, бидејќи градбата е изведена спротивно на Законот за градење. Констатира неправилност согласно овој закон преставува прекршок, односно со посебен закон е утврена како кривично дело.

Согласно член 142 став (2) Ако извршеникот не постапи по решението, за градба од прва категорија, решението ќе го изврши и ќе спроведе административно извршување градежниот инспектор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната страна има право да изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Решено во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам под број 74ип1-199 од 03.10.2025 година.

Зоранчо Самарџиски, д.г.и.
службена легитимација број А090190004,
Советник градежен инспектор

S. Zoranco

М.П.

Република Северна Македонија

-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши вонреден инспекциски надзор над ДВТ Аероклуб Скопје доо Чучер Сандево-Скопје, Стенковец, врз основа на Законот за Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ 102/19) и Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ 124/15), го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

1) СЕ изрекува ЗАДОЛЖУВАЊЕ до ДВТ АЕРОКЛУБ СКОПЈЕ доо Чучер Сандево, да не врши адаптација на намената на Хангарот за авиони на КП бр.2825/1 КО Глуво Бразда, заради организирање на музички концерти, родендени и свадби, без да поседува Одобрение за пренамена.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка опомена од точка 1 на ова решение изнесува три дена од денот на приемот.

3) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

Образложение

Државен инспекторат за градежништво и урбанизам врз основа на Законот за Градење Градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25 и 17/25), преку советник градежен инспектор Зоранчо Самарџиски, со службена легитимација број А090190004, изврши вонреден инспекциски надзор над ДВТ Аероклуб Скопје доо Чучер Сандево-Скопје, Стенковец, со адреса: Спортски Аеродром Стенковец, бр:151А, Чучер Сандево, Скопје, ЕМБС 6832024, застапувано од Управител Предраг Чемерикиќ, постапувајќи по службена должност за утврдување на законитоста на објектите кои му се дадени на трајно користење, со Одлука со број 01-101/2 од 04.06.1993 година од Воздухопловниот сојуз на Македонија.

Од извршен вонреден инспекциски надзор градежниот инспектор утврди дека се работи за градба од прва категорија во надлежност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам согласно член 128 став (2) од Законот за градење, која има статус на легализиран објект со Решение 09-764 од 06.12.2012 година, издадено од општина Чучер Сандево, согласно член 21 став (2) од Закон за постапување со бесправно изградени објекти.

Градежниот инспектор во спроведување на инспекцискиот надзор согласно член 134 став(4), го употреби право и должност да изрече задолжување и да определи рок за отстранување на неправилност, пренамена на објект без одобрени за пренамена, исто така се задолжува странката да ја отстрани објавата на официјалната страна на Авиоклубот за организирње на музички концерти, родендени и свадби, бидејки може да предизвика непосредна опасност по животото и здравјето на луѓето и да продолжи да го користи објектот по неговата основна намена, односно Хангар за складирање на авиони.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната страна има право да изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до надлежниот орган за одлучување во втор степен.

Решено во Државен инспекторат за градежништво и урбанизам под број 74ип1-199 од 03.10.2025 година.

Зоранчо Самарџиски, д.г.и.
службена легитимација број А090190004,
Советник градежен инспектор

S. Zoranco

М.П.